Australian Government | Be Connected
Every Australian online.

# Што е лаптоп компјутер?

Компјутерите се со разни облици и големини. Овде ќе зборуваме за лаптоп компјутерите.

Лаптоп компјутерот (скратено „лаптоп”) ги прави сите нешта што може да ги прави десктоп компјутерот. Лаптопот може да го користите за „сурфање” на интернет, да пишувате писма или да играте игри, да слушате музика или гледате филмови, и за многу други нешта. За разлика од десктоп компјутерот, лаптопот е мал, лесен и внатре има батерија, па можете да го носите со себе и да го користите секаде.

## Делови на лаптоп компјутерот

Лаптопот има многу исти делови со десктоп компјутерот, но сите се сместени во една кутија. Главните делови се:

- **Екран** – Екранот покажува што се случува на компјутерот и вграден е во капакот на лаптопот.
- **Тастатура** – Исто како кај десктопот, тастатурата се користи за пишување на бројки и букви.
- **Touchpad** – За разлика од десктоп компјутерите, лаптопот нема глувче. Наместо тоа, лаптопот има touchpad кој го прави истото што и глувчето.
- **Интернет видео камера** – Се користи за видео разговори.
- **Звучници** – Се користат за пренесување на звук.



**Лаптопот има многу делови кои се исти како кај десктоп компјутерот**

## Како да се вклучи и исклучи лаптопот

Исто како десктоп компјутерот, лаптопот има прекинувач за вклучување и исклучување. Тој обично е веднаш над тастатурата (keyboard) и има симбол на круг со вертикална линија во средина.

Може да забележите дека кога ќе го затворите капакот на лаптопот, екранот се исклучува или „заспива”. Тоа не го исклучува лаптопот, но ја штеди батеријата. Кога ќе го отворите капакот, екранот се „разбудува” и автоматски повторно се вклучува.

# Што е лаптоп компјутер?

## Користење на touchpad

Touchpad-от на лаптопот го прави истото што и глувчето на десктоп компјутерот. Тој го движи покажувачот (cursor), исто така познат како показател на глувчето (mouse pointer).



**Touchpad-от на лаптопот ја прави истата работа како глувчето**

- За да го мрднете покажувачот, лизгајте го прстот по touchpad-от во насоката во која сакате да одите.
- Некои touchpad-и имаат копчиња над и под нив. Тие го прават истото како левото и десното копче на глувчето.
- Ако touchpad-от нема копче, треба само со прстот да потчукнете на touchpad-от. Тоа е исто како кликнување со левото копче на глувчето. Може да потчукнете и двапати, што е исто како двојно кликнување (double-clicking) со глувчето.
- Страницата можете да ја движите нагоре и надолу користејќи ја специјалната 'scroll zone' на страната на touchpad-от, или ако покажувачот го ставите на „scroll bar", го држите притиснат touchpad-от , а истовремено со друг прст ја движите страницата нагоре или надолу по touchpad-от.

## Како се полни лаптоп



Лаптопите работат на батерии, што значи дека може да ги користите и кога не се вклучени во струја. Побарајте го индикаторот на батеријата во горниот лев или десен дел на екранот (сликичката личи на батерија). Ако батеријата е речиси празна, лаптопот треба да го вклучите во струја, за батеријата да се наполни.

## Спремни сте да почнете

Лаптопот е како десктоп компјутер, само сместен во помала кутија. Кога ќе ги научите основните работи за touchpad-от и полнењето на батеријата, ќе немате големи проблеми да го користите лаптопот.